6 март 2006

Амбасадата на САД оддава признание за придонес на шест исклучителни жени во Македонија

Амбасадорката Миловановиќ врачи свечени признанија

Во понеделник, 6 март 2006, асмбасадорката Цилиан Миловановиќ и д-р Злат Миловановиќ беа домаќини на свеченото врачување на признанија на шест жени од Македонија за извонредниот придонес што тие го постигнале во своите професии и за нивната работа во соочувањето со значајни предизвици и прашања во Македонија.

Ова е четврта година по ред како Амбасадата на САД во Скопје оддава признание на жени во Република Македонија за нивните достигнувања и лидерство.

Во краткопто обраќање за време на свеченоста, амбасадорката Миловановиќ забележа дека жените играат витална улога во економскиот развој во Македонија, додавајќи: "Улогата на жените е суштествена во изградбата и одржувањето на одговорни влади, во придвижувањето на демократиите напред, во создавањето на развој, на работни места и на богатство, и во подобрувањето на квалитетот на живот како во семејствата, така и во заедниците."

Програма Признанија за исклучителни жени ја одразува позицијата на Стејт Департментот на САД дека човековите права, особено правата на жените, се еден од највисоки приоритети на Стејт Департментот во целиот свет, а воедно и централна компонента на демократијата.

Амбасадорката Миловановиќ им врачи признанија на следните жени:

1. **Соња Бајдеска**, заменик раководител на Одделението за политика, планирање и меѓународна соработка во Министерството за одбрана. Една од ретките жени на висока функција во одбрамбениот естаблишмент во Македонија, г-ца Бајдеска игра значајна улога во развојот на одбрамбената и безбедносната политика, во работењето со партнерите од Јадранската повелба, и во адресирањето на прашања поврзани со Акциониот план на Република Македонија за членство во НАТО.

2. **Санија Бурагева,** главен инспектор во Одделот за организиран криминал, Одделение за борба против трговија со луѓе, во Министерството за внатрешни работи. Таа се истакнува по своето лидерство во борбата против трговијата со луѓе, во превенцијата на домашното насилство, и во надминувањето на проблемите поврзани со малолетничка деликвенција во Македонија.

3. **Гезиме Фејзи,** директор на Млекарница Фејзи во Гостивар. На г-ѓа Фејзи и е оддадено признание како иновативен бизнис лидер во секторот на млекарството, за поставување и одржување на високи стандарди во производството на квалитетна храна, како и за создавање на можности за вработување.

4. **Дивна Јордановска**, директор и косопственик на Винарска визба Чекорови од Кавадарци. Г-ѓа Јордановска успешно развива и промовира препознатливи марки на вино што ја одразуваат единственоста на локалните видиови на грозје и наоѓа пазари за квалитетни вина како во Македонија така и во странство.

5. **Милена Стевановиќ,** доктор и специјалист по инфективни заболувања на Клиниката за инфективни заболувања во Државната болница во Скопје и асистент на Медицинскиот факултет. Д-р Стевановиќ се истакнува во својата работа на едуцирање на населението, особено на учениците, за превенција од ХИВ/СИДА, и на ефикасниот и сочувствителен третман на лица со ХИВ/СИДА.

6. **Виолета Велкоска**, извршен директор на невладината коалиција "Сите за фер судење" од Скопје. Г-ца Велкоска е активен и истакнат промотор на идејата за подобро функционирање на системот за кривична правда во Македонија. Нејзиното лидерство во набљудувањето на судски процеси придонесе кон обезбедување на детални информации што служат како основа за гарантирање дека во судовите се применува добра професионална пракса.

# # #